Врз основа на член 10 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ“ бр. 3/78) и член 11 и 46 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за основно образование, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за основно образование, на седницата од 10. XI. 1978 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДЕЛЕГАТСКИТЕ ЕДИНИЦИ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА САМОУПРАВНА КОНТРОЛА НА РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат делегатските единици за избор на членови во Одборот на самоуправна контрола на Републичката самоуправна интересна заедница за основно образование (во натамошен текст: Одбор на самоуправна контрола) и бројот на делегатите што ги избира секоја делегатска единица односно делегатските единици што избираат заеднички делегат.

Член 2

Изборот на членови на Одборот на самоуправна контрола се врши од редот на делегатите на општинските заедници за образование и од другите заинтересирани општествени организации и здруженија на граѓаните од општ интерес на Републиката кои не се делегати на Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за основно образование, на начин на кој се врши изборот на делегатите во Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за основно образование.

Член 3

Се утврдуваат следните делегатски единици за избор на членови на Одборот на самоуправна контрола:

1. Делегатска единица број 1, избира еден делегат, ја сочинуваат општинските самоуправни интересни заедници за образование на општините: Гостивар, Тетово и Дебар;

2. Делегатска единица број 2, избира еден делегат, ја сочинуваат општинските самоуправни интересни заедници за образование на општините: Кичево, Охрид, Струга и Македонски Брод;

3. Делегатска единица број 3, избира еден делегат, ја сочинуваат општинските самоуправни интересни заедници за образование на општините: Кочани, Струмица, Штип, Делчево, Берово, Виница, Пробиштип, Радовиш и Свети Николе;

4. Делегатска единица број 4, избира еден делегат, ја сочинуваат општинските самоуправни интересни заедници за образование на општините: Крива Паланка, Куманово и Кратово;

5. Делегатска единица број 5, избира еден делегат, ја сочинуваат општинските самоуправни интересни заедници за образование на општините: Неготино, Кавадарци, Титов Велес, Валандово и Гевгелија;

6. Делегатска единица број 6, избира еден делегат, ја сочинуваат општинските самоуправни интересни заедници за образование на општините: Ресен, Битола, Прилеп, Демир Хисар и Крушево:

7. Делегатска единица број 7, избира еден делегат, ја сочинуваат општинските самоуправни интересни заедници за воспитание и образование на општините „Центар“ и „Карпош“ во град Скопје и заинтересирани општествени организации и здруженија на граѓаните од општ интерес на Републиката, потписници на Спогодбата;

8. Делегатска единица број 8, избира еден делегат, ја сочинуваат општинските самоуправни интересни заедници за воспитание и образование на општините „Гази Баба“, „Кисела Вода“ и „Чаир“ во град Скопје.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 02-2048/2
7 декември 1978 година
Скопје

Претседател,
Марија Закоска, с. р.

382.

Врз основа на член 12 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ“ бр. 3/78) и член 101 од Статутот на Општата заедница на насоченото образование, Собранието на Заедницата на седницата од 10. XI. 1978 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА РАСПИШУВАЊЕ ИЗБОРИ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ ВО ОДБОРОТ ЗА САМОУПРАВНА РАБОТНИЧКА КОНТРОЛА НА ОПШТАТА ЗАЕДНИЦА НА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

1. Се распишуваат избори за избор на членови на Одборот на самоуправна работничка контрола на Општата заедница на насоченото образование.

2. Изборите за членови на Одборот за самоуправна работничка контрола ќе се одржат од 1. XII. 1978 до 15. I. 1979 година.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Број 02-1750/2
10 ноември 1978 година
Скопје

Претседател на Собранието на Заедницата,
м-р **Панче Соколов**, с. р.

383.

Врз основа на член 10 од Законот за избор на делегати и делегации во собранијата на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ“ бр. 3/78) и член 101 од Статутот на Општата заедница на насоченото образование, Собранието на Заедницата на седницата одржана на 10. XI. 1978 година ја донесе следнава

О Д Л У К А

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДЕЛЕГАТСКИ ЕДИНИЦИ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ ВО ОДБОРОТ ЗА САМОУПРАВНА РАБОТНИЧКА КОНТРОЛА НА ЗАЕДНИЦАТА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува бројот и составот на делегатските единици што треба да делегираат членови за Одборот на самоуправна работничка контрола.

Член 2

Одборот на самоуправната работничка контрола брои 7 члена кои ги избираат делегациите на основачите на Заедницата:

1. Делегатската единица бр. 1 ја сочинуваат делегациите на организациите на здружен труд (корисници на услуги) од општините: „Центар“, „Чаир“, „Гази Баба“, „Карпош“, „Кисела Вода“, Делчево, Куманово и Титов Велес.

Делегатската единица избира еден делегат.

2. Делегатската единица број 2 ја сочинуваат делегациите на организациите на здружен труд (корисници на услуги) од општините: Берово, Валандово, Виница, Радовиш, Пробиштип, Кавадарци, Неготино, Крива Паланка, Кратово, Гевгелија, Струмица, Кочани и Штип.

Делегатската единица избира еден делегат.

3. Делегатската единица број 3 ја сочинуваат делегациите на организациите на здружен труд (корисници на услуги) од општините: Битола, Прилеп, Крушево, Демир Хисар, Ресен и Македонски Брод.

Делегатската единица избира еден делегат.

4. Делегатската единица број 4 ја сочинуваат делегациите на организациите на здружен труд (корисници на услуги) од општините: Тетово, Гостивар, Дебар, Кичево, Охрид, Струга и Свети Николе.

Делегатската единица избира еден делегат.

5. Делегатската единица број 5 ја сочинуваат делегациите на организациите на здружен труд од насоченото образование (даватели на услуги) од општините: „Центар“, „Чаир“, „Гази Баба“, „Карпош“, „Кисела Вода“, Титов Велес, Куманово и Штип.

Делегатската единица избира еден делегат.

6. Делегатската единица број 6 ја сочинуваат делегациите на организациите на здружен труд од насоченото образование (даватели на услуги) од општините: Битола, Прилеп, Македонски Брод, Гостивар, Тетово, Кичево, Демир Хисар, Крушево, Охрид, Ресен, Струга и Дебар.

Делегатската единица избира еден делегат.

7. Делегатската единица број 7 ја сочинуваат делегациите на организациите на здружен труд од насоченото образование (даватели на услуги) од општините: Берово, Делчево, Гевгелија, Кавадарци, Кочани, Виница, Крива Паланка, Кратово, Неготино, Пробиштип, Свети Николе, Струмица и Радовиш.

Делегатската единица избира еден делегат.

Член 3

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 02-1750/1
10 ноември 1978 година
Скопје

Претседател,
м-р **Панче Соколов,** с. р.

384.

Врз основа на член 12 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ" бр. 3/78) и член 101 од Статутот на Заедницата на насоченото образование во рударството, рударските истраги, обоената и црна металургија и неметали, Собранието на Заедницата на седницата од 9. XI. 1978 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА РАСПИШУВАЊЕ ИЗБОРИ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ ВО ОДБОРОТ ЗА САМОУПРАВНА РАБОТНИЧКА КОНТРОЛА НА ЗАЕДНИЦАТА НА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

1. Се распишуваат избори за избор на членови на Одборот на самоуправна работничка контрола на Заедницата на насоченото образование во рударството, рударските истраги, обоената и црна металургија и неметали.

2. Изборите за членови на Одборот за самоуправна работничка контрола ќе се одржат од 1. XII. 1978 до 15. I. 1979 година.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 02-1745/2
9 ноември 1978 година
Скопје

Претседател на Собранието на Заедницата,
инж. **Петар Ѓорковски,** с. р.

385.

Врз основа на член 10 од Законот за избор на делегации и делегати во Собранието на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ" бр. 3/78) и член 101 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во рударството, рударските истраги, обоената и црна металургија и неметали на седницата одржана на 9. XI. 1978 година ја донесе следнава

О Д Л У К А

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДЕЛЕГАТСКИ ЕДИНИЦИ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ ВО ОДБОРОТ ЗА САМОУПРАВНА РАБОТНИЧКА КОНТРОЛА НА ЗАЕДНИЦАТА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува бројот и составот на делегатските единици што треба да делегираат членови за Одборот на самоуправната работничка контрола во Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во рударството, рударските истраги, обоената и црна металургија и неметали.

Член 2

Одборот за самоуправна работничка контрола брои 7 члена кои ги избираат следните делегатски единици:

1. Делегатската единица бр. 1 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 1, 2 и 3. Се избира 1 делегат.

2. Делегатската единица бр. 2 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 4 и 5. Се избира 1 делегат.

3. Делегатската единица бр. 3 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 6 и 7. Се избира 1 делегат.

4. Делегатската единица бр. 4 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 1, 2, 3, 4 и 5. Се избира 1 делегат.

5. Делегатската единица бр. 5 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 7, 9 и 10. Се избира 1 делегат.

6. Делегатската единица бр. 6 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 8, 17 и 18. Се избира 1 делегат.

7. Делегатската единица бр. 7 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 11, 12, 13, 14, 15, 16, 19 и 20. Се избира 1 делегат.

Член 3

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 02-1745/1
9 ноември 1978 година
Скопје

Претседател,
инж. **Петар Ѓорковски,** с. р.

386.

Врз основа на член 12 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ" бр. 3/78) и член 101 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во електро-енергијата, електроиндустријата, металната и графичката индустрија, Собранието на Заедницата на седницата од 10 ноември 1978 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА РАСПИШУВАЊЕ ИЗБОРИ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ ВО ОДБОРОТ ЗА САМОУПРАВНА РАБОТНИЧКА КОНТРОЛА НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ЕЛЕКТРО-ЕНЕРГИЈА, ЕЛЕКТРОИНДУСТРИЈА, МЕТАЛНА И ГРАФИЧКА ИНДУСТРИЈА

1. Се распишуваат избори за избор на членови на Одборот за самоуправна работничка контрола на Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во електро-енергија, електроиндустрија, метална и графичка индустрија.

2. Изборите за членови на Одборот за самоуправна работничка контрола ќе се одржат од 1 декември 1978 до 15 јануари 1979 година.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 02-1753/2
10 ноември 1978 година
Скопје

Претседател на Собранието на Заедницата,
дипл. инж. **Иван Ристески, с. р.**

387.

Врз основа на член 10 од Законот за избор на делегации и делегати во Собранието на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ“ бр. 3/78) и член 101 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во електро-енергијата, електроиндустријата, металната и графичката индустрија, Собранието на Заедницата на седниците одржана на 10 ноември 1978 година ја донесе следнава

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДЕЛЕГАТСКИТЕ ЕДИНИЦИ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ ВО ОДБОРОТ ЗА САМОУПРАВНА РАБОТНИЧКА КОНТРОЛА НА ЗАЕДНИЦАТА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува бројот и составот на делегатските единици што треба да делегираат членови за Одборот на самоуправната работничка контрола во Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во електро-енергијата, електроиндустријата, металната и графичката индустрија.

Член 2

Одборот за самоуправна работничка контрола брои 7 члена кои ги избираат следните делегатски единици од прегледот на Самоуправната спогодба за основање Самоуправна интересна заедница на насоченото образование во електро-енергија, електро-индустрија, метална и графичка индустрија:

1. Делегатската единица бр. 1 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 1, 2, 3 и 7. Се избира 1 делегат. Делегатот го дава Општина „Центар“ („Електро-стопанство“).

2. Делегатската единица бр. 2 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 6, 8, 9, 10, 17 и 18. Се избира 1 делегат. Делегатот го дава Општина Охрид („Електромонтажа“).

3. Делегатската единица бр. 3 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 4, 5, 11, 12, 19, 21 и 22. Се избира 1 делегат. Делегатот го дава Општина Титов Велес („Брако“).

4. Делегатската единица бр. 4 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 13, 14 15. 16 и 20. Се избира 1 делегат. Делегатот го дава Општина Кочани („Руен“).

5. Делегатската единица бр. 5 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд од областа на образованието дадени во прегледот како изборни единици 1, 2, 4 и 5. Се избира 1 делегат. Делегатот го дава Електротехнички факултет „Карпош“.

6. Делегатската единица бр. 6 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд од областа на образованието дадени во прегледот како изборни единици 6, 9, 10 и 12. Се избира 1 делегат. Делегатот го дава ЕМУЦ „Ристо Ристески — Ричко“ — Прилеп.

7. Делегатската единица бр. 7 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд од областа на образованието дадени во прегледот како изборни единици 7, 8, 11 и 13. Се избира 1 делегат. Делегатот го дава ЕМУЦ „Никола Карев“ — Струмица.

Член 3

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-1753/1
9 ноември 1978 година
Скопје

Претседател на Собранието на Заедницата,
дипл. инж. **Иван Ристески,** с. р.

388.

Врз основа на член 12 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ“ бр. 3/78) и член 101 од Статутот на Заедницата на насоченото образование во хемиска индустрија, текстилна индустрија и индустрија за чевли, кожа и гума, Собранието на Заедницата на седниците од 9 ноември 1978 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАСПИШУВАЊЕ ИЗБОРИ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ ВО ОДБОРОТ ЗА САМОУПРАВНА РАБОТНИЧКА КОНТРОЛА НА ЗАЕДНИЦАТА НА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

1. Се распишуваат избори за избор на членови на Одборот на самоуправна работничка контрола на Заедницата на насоченото образование во хемиска индустрија, текстилна индустрија и индустрија за чевли, кожа и гума.

2. Изборите за членови на Одборот за самоуправна работничка контрола ќе се одржат од 1 декември 1978 до 15 јануари 1979 година.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-1746/2
9 ноември 1978 година
Скопје

Претседател на Собранието на Заедницата,
Владан Златановиќ, с. р.

389.

Врз основа на член 10 од Законот за избор на делегации и делегати во Собранието на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ“ бр. 3/78) и член 101 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во хемиска индустрија, текстилна индустрија и индустрија за чевли, кожа и гума на седниците одржана на 9 ноември 1978 година ја донесе следнава

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДЕЛЕГАТСКИ ЕДИНИЦИ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ ВО ОДБОРОТ ЗА САМОУПРАВНА РАБОТНИЧКА КОНТРОЛА НА ЗАЕДНИЦАТА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува бројот и составот на делегатските единици што треба да делегираат членови за Одборот на самоуправната работничка контрола во Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во хемиска индустрија, текстилна индустрија и индустрија за чевли, кожа и гума.

Член 2

Одборот за самоуправна работничка контрола брои 7 члена кои ги избираат следните делегатски единици:

1. Делегатската единица бр. 1 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 1, 2 и 3. Се избира 1 делегат.

2. Делегатската единица бр. 2 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 4 и 5. Се избира 1 делегат.

3. Делегатската единица бр. 3 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 6 и 7. Се избира 1 делегат.

4. Делегатската единица бр. 4 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 1, 2, 3, 4 и 5. Се избира 1 делегат.

5. Делегатската единица бр. 5 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 6 и 7. Се избира 1 делегат.

6. Делегатската единица бр. 6 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 8, 9, 10, 17 и 18. Се избира 1 делегат.

7. Делегатската единица бр. 7 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 11, 12, 13, 14, 15, 16, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26; 27 и 28. Се избира 1 делегат.

Член 3

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-1746/1
9 ноември 1978 година
Скопје

Претседател,
Владан Златановиќ, с. р.

390.

Врз основа на член 12 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ" бр. 3/78) и член 101 од Статутот на самоуправната интересна заедница на насоченото образование во градежништвото и градежната индустрија, Собранието на Заедницата на седниците од 10. XI. 1978 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА РАСПИШУВАЊЕ ИЗБОРИ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ ВО ОДБОРОТ ЗА САМОУПРАВНА РАБОТНИЧКА КОНТРОЛА НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО И ГРАДЕЖНАТА ИНДУСТРИЈА

1. Се распишуваат избори за избор на членови на Одборот за самоуправна работничка контрола на самоуправната интересна заедница на насоченото образование во градежништвото и градежната индустрија.

2. Изборите за членови на Одборот за самоуправна работничка контрола ќе се одржат од 1. XII. 1978 до 15. I. 1979 год.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СР Македонија".

Број 02-1761/2
10 ноември 1978 година
Скопје

Претседател на Собранието,
проф. д-р **Стево Матески**, с. р.

391.

Врз основа на член 10 од Законот за избор на делегати и делегации во собранијата на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ" бр. 3/78) и член 101 од Статутот на Самоуправната интересна заедница во градежништвото и градежната индустрија, Собранието на Заедницата на седниците одржана на 10. XI. 1978 година донесе

О Д Л У К А

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДЕЛЕГАТСКИТЕ ЕДИНИЦИ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ ВО ОДБОРОТ ЗА САМОУПРАВНА РАБОТНИЧКА КОНТРОЛА НА ЗАЕДНИЦАТА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува бројот и составот на делегатските единици што треба да делегираат членови за Одборот на самоуправната работничка контрола.

Член 2

Одборот за самоуправна работничка контрола брои 7 члена а ќе ги избираат делегациите на основачите дадени во прегледот на Самоуправната спогодба за основање на Самоуправна интересна заедница на насочено образование во градежништво и градежна индустрија, и тоа:

1. Делегатска единица број 1 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 1, 2, 3, 4 и 5. Се избира 1 делегат.

2. Делегатска единица број 2 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 6, 9, 10, 11 и 12. Се избира 1 делегат.

3. Делегатска единица број 3 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 7, 8, 13, 14, 15, 16, 17 и 18. Се избира 1 делегат.

4. Делегатска единица број 4 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 19, 20, 21, 22 и 23. Се избира 1 делегат.

5. Делегатска единица број 5 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 1 и 2 (даватели на услуги). Се избира 1 делегат.

6. Делегатска единица број 6 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 3 и 4 (даватели на услуги). Се избира 1 делегат.

7. Делегатска единица број 7 ја сочинува делегацијата на работната организација на здружен труд дадена во прегледот како изборна единица 5 (давател на услуги). Се избира 1 делегат.

Член 3

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 02-1761/1
10 ноември 1978 година
Скопје

Претседател на Собранието,
проф. д-р **Стево Матески**, с. р.

392.

Врз основа на член 12 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ" бр. 3/78) и член 101 од Статутот на Заедницата на насоченото образование во земјоделството, шумарството, дрвната индустрија, индустријата на тутун и прехранбената индустрија, Собранието на Заедницата на седниците од 10. XI. 1978 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА РАСПИШУВАЊЕ ИЗБОРИ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ ВО ОДБОРОТ ЗА САМОУПРАВНА РАБОТНИЧКА КОНТРОЛА НА ЗАЕДНИЦАТА НА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

1. Се распишуваат избори за избор на членови на Одборот на самоуправна работничка контрола на Заедницата на насоченото образование во земјоделството, шумарството, дрвната индустрија, индустријата на тутун и прехранбената индустрија.

2. Изборите за членови на Одборот за самоуправна работничка контрола ќе се одржат од 1. XII. 1978 до 15. I. 1979 година.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 02-1756/2
10 ноември 1978 година
Скопје

Претседател на Собранието на Заедницата,
Велјан Велјановски, с. р.

393.

Врз основа на член 10 од Законот за избор на делегати и делегации во собранијата на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ“ бр. 3/78) и член 101 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во земјоделството, шумарството, дрвната индустрија, индустријата на тутун и прехранбената индустрија, Собранието на Заедницата на седниците одржана на 10. XI. 1978 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДЕЛЕГАТСКИ ЕДИНИЦИ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ ВО ОДБОРОТ ЗА САМОУПРАВНА РАБОТНИЧКА КОНТРОЛА НА ЗАЕДНИЦАТА

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува бројот и составот на делегатските единици што треба да делегираат членови за Одборот на самоуправната работничка контрола.

Член 2

Одборот на самоуправната работничка контрола брои 7 члена кои ги избираат делегациите на основачите на Заедницата:

1. Делегатската единица број 1 ја сочинуваат делегациите на организациите на здружен труд (корисници на услуги) во земјоделството, шумарството, дрвната индустрија, индустријата на тутун и прехранбената индустрија од општините: „Центар“, „Чаир“, „Карпош“, „Гази Баба“ и „Кисела Вода“.

Делегатската единица избира еден делегат.

2. Делегатската единица број 2 ја сочинуваат делегациите на организациите на здружен труд (корисници на услуги) во земјоделството, шумарството, дрвната индустрија, индустријата на тутун и прехранбената индустрија од општините: Битола, Ресен, Македонски Брод, Прилеп и Крушево.

Делегатската единица избира еден делегат.

3. Делегатската единица број 3 ја сочинуваат делегациите на организациите на здружен труд (корисници на услуги) во земјоделството, шумарството, дрвната индустрија, индустријата на тутун и прехранбената индустрија од општините: Кичево, Дебар, Охрид, Струга, Гостивар и Тетово.

Делегатската единица избира еден делегат.

4. Делегатската еденица број 4 ја сочинуваат делегациите на организациите на здружен труд (корисници на услуги) во земјоделството, шумарството, дрвната индустрија, индустријата на тутун и прехранбената индустрија од општините: Куманово, Кратово, Крива Паланка, Струмица, Валандово, Радовиш, Кочани, Свети Николе, Штип, Пробиштип, Виница, Берово, Делчево, Титов Велес, Кавадарци, Гевгелија и Неготино.

Делегатската единица избира еден делегат.

5. Делегатската единица број 5 ја сочинуваат делегациите на организациите на здружен труд од насоченото образование (даватели на услуги) од општините: „Гази Баба“, „Кисела Вода“ и Куманово.

Делегатската единица избира еден делегат.

6. Делегатската единица број 6 ја сочинуваат делегациите на организациите на здружен труд од насоченото образование (даватели на услуги) од општините: Битола, Кавадарци и Свети Николе.

Делегатската единица избира еден делегат.

7. Делегатската единица број 7 ја сочинуваат делегациите на организациите на здружен труд од насоченото образование (даватели на услуги) од општините: Прилеп, Струмица и Тетово.

Делегатската единица избира еден делегат.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Број 02-1756/1
10 ноември 1978 година
Скопје

Претседател на Собранието на Заедницата,
Велјан Велјановски, с. р.

394.

Врз основа на член 12 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ“ бр. 3/78) и член 101 од Статутот на Заедницата на насоченото образование во сообраќајот и врски, Собранието на Заедницата на седниците од 9. XI. 1978 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА РАСПИШУВАЊЕ ИЗБОРИ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ ВО ОДБОРОТ ЗА САМОУПРАВНА РАБОТНИЧКА КОНТРОЛА НА ЗАЕДНИЦАТА НА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СООБРАЌАЈ И ВРСКИ

1. Се распишуваат избори за избор на членови на Одборот на самоуправна работничка контрола на Заедницата на насоченото образование во сообраќај и врски.

2. Изборите за членови на Одборот за самоуправна работничка контрола ќе се одржат од 1. XII. 1978 до 15. I. 1979 година.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Број 02-1747/2
9 ноември 1978 година
Скопје

Претседател на Собранието на Заедницата,
проф. **Драган Димитров**, с. р.

395.

Врз основа на член 10 од Законот за избор на делегати и делегации во собранијата на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ“ бр. 3/78) и член 101 од Статутот на Самоуправната интересна заедница во сообраќај и врски, Собранието на Заедницата на седниците одржана на 9. X. 1978 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДЕЛЕГАТСКИТЕ ЕДИНИЦИ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ ВО ОДБОРОТ ЗА САМОУПРАВНА РАБОТНИЧКА КОНТРОЛА НА ЗАЕДНИЦАТА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува бројот и составот на делегатските единици што треба да делегираат членови за Одборот на самоуправна работничка контрола.

Член 2

Одборот за самоуправна работничка контрола брои 7 члена а ќе ги избираат делегациите на основачите дадени во прегледот на Самоуправната спогодба за основање на Самоуправна интересна заедница на насоченото образование во сообраќај и врски и тоа:

1. Делегатска единица бр. 1 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 1, 2, 3, 4 и 5. Избира еден делегат.

2. Делегатска единица бр. 2 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 6, 7 и 12. Избира еден делегат.

3. Делегатска единица бр. 3 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 8, 10, 11 и 18. Избира еден делегат.

4. Делегатска единица бр. 4 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 9, 13, 14, 15, 16 и 17. Избира еден делегат.

5. Делегатска единица бр. 5 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 19, 20 и 21. Избира еден делегат.

6. Делегатска единица бр. 6 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 1 и 2 даватели на услуги. Избира еден делегат.

7. Делегатска единица бр. 7 ја сочинуваат делегацијата на работната организација на здружен труд дадена во прегледот како изборна единица 3 давател на услуги. Избира еден делегат.

Член 3

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 02-1747/1
9 ноември 1978 година
Скопје

Претседател на Собранието на Заедницата,
проф. **Драган Димитров,** с. р.

396.

Врз основа на член 12 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ" бр. 3/78) и член 101 од Статутот на Заедницата на насоченото образование во трговијата, угостителството, туризмот, занаетчиството и комуналните дејности, Собранието на Заедницата на седницата од 10 ноември 1978 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА РАСПИШУВАЊЕ ИЗБОРИ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ ВО ОДБОРОТ ЗА САМОУПРАВНА РАБОТНИЧКА КОНТРОЛА НА ЗАЕДНИЦАТА НА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

1. Се распишуваат избори за избор на членови на Одборот на самоуправна работничка контрола на Заедницата на насоченото образование во трговијата, угостителството, туризмот, занаетчиството и комуналните дејности.

2. Изборите за членови на Одборот за самоуправна работничка контрола ќе се одржат од 1. XII. 1978 до 15. I. 1979 година.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-1757/2
10 ноември 1978 година
Скопје

Претседател на Собранието на Заедницата,
проф. **Александар Цицковски,** с. р.

397.

Врз основа на член 10 од Законот за избор на делегати и делегации во собранијата на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ" бр. 3/78) и член 101 од Статутот на Самоуправната интересна заедница во трговијата, угостителството, туризмот, занаетчиството и комуналните дејности, Собранието на Заедницата на седницата одржана на 10 ноември 1978 година ја донесе следнава

О Д Л У К А

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДЕЛЕГАТСКИТЕ ЕДИНИЦИ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ ВО ОДБОРОТ ЗА САМОУПРАВНА РАБОТНИЧКА КОНТРОЛА НА ЗАЕДНИЦАТА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува бројот и составот на делегатските единици што треба да делегираат членови за Одборот на самоуправната работничка контрола.

Член 2

Одборот за самоуправна работничка контрола брои 7 члена а ќе ги избираат делегациите на основачите дадени во прегледот на Самоуправната спогодба за основање на Самоуправна интересна заедница на насоченото образование во трговијата, угостителството, туризмот, занаетчиството и комуналните дејности, и тоа:

1. Делегатска единица бр. 1 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 1, 2, 3, 4 и 5. Се избира 1 делегат.

2. Делегатска единица бр. 2 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14 и 15. Се избира 1 делегат.

3. Делегатска единица бр. 3 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 16, 17, 18, 19 и 20. Се избира 1 делегат.

4. Делегатска единица бр. 4 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29 и 30. Се избира 1 делегат.

5. Делегатска единица бр. 5 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 1, 2 и 3 (даватели на услуги). Се избира 1 делегат.

6. Делегатска единица бр. 6 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 4 и 7 (даватели на услуги). Се избира 1 делегат.

7. Делегатска единица бр. 7 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 5 и 6 (даватели на услуги). Се избира 1 делегат.

Член 3

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-1757/1
10 ноември 1978 година
Скопје

Претседател,
проф. **Александар Цицковски,** с. р.

398.

Врз основа на член 12 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ“ бр. 3/78) и член 101 од Статутот на Заедницата на насоченото образование во здравството и социјалната заштита, Собранието на Заедницата на седницата од 10 ноември 1978 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА РАСПИШУВАЊЕ ИЗБОРИ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ ВО ОДБОРОТ ЗА САМОУПРАВНА РАБОТНИЧКА КОНТРОЛА НА ЗАЕДНИЦАТА НА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ЗДРАВСТВОТО И СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

1. Се распишуваат избори за избор на членови на Одборот на самоуправна работничка контрола на Заедницата на насоченото образование во здравството и социјалната заштита.

2. Изборите за членови на Одборот за самоуправна работничка контрола ќе се одржат од 1. XII. 1978 до 15. I 1979 година.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-1760/2
10 ноември 1978 година
Скопје

Претседател на Собранието на Заедницата,
д-р **Стојан Личоски**, с. р.

399.

Врз основа на член 10 од Законот за избор на делегати и делегации во собранијата на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ“ бр. 3/78) и член 101 од Статутот на Самоуправната интересна заедница во здравството и социјална заштита, Собранието на Заедницата на седницата одржана на 10 ноември 1978 година ја донесе следнава

О Д Л У К А

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДЕЛЕГАТСКИ ЕДИНИЦИ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ ВО ОДБОРОТ ЗА САМОУПРАВНА РАБОТНИЧКА КОНТРОЛА НА ЗАЕДНИЦАТА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува бројот и составот на делегатските единици што треба да делегираат членови за Одборот на самоуправна работничка контрола.

Член 2

Одборот за самоуправна работничка контрола брои 7 члена, а ќе ги избираат делегациите на основачите дадени во прегледот на Самоуправната спогодба за основање на самоуправна интересна заедница на насоченото образование во здравството и социјалната заштита, и тоа:

1. Делегатска единица број 1 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 1, 2, 3, 4 и 5. Избира еден делегат.

2. Делегатска единица број 2 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 6, 7, 8, 13, 14 и 16. Избира еден делегат.

3. Делегатска единица број 3 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 10, 11, 12, 17 и 18. Избира еден делегат.

4. Делегатска единица број 4 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 19, 20, 21, 22, 23 и 24. Избира еден делегат.

5. Делегатска единица бр. 5 ја сочинуваат делегациите од работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 25, 26, 27, 28, 29, 30 и 31. Избира еден делегат.

6. Делегатска единица број 6 ја сочинуваат делегациите од работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 1, 2, 3, 4 и 5 — даватели на услуги. Избира еден делегат.

7. Делегатска единица број 7 ја сочинуваат делегациите на работните организации на здружен труд дадени во прегледот како изборни единици 6, 7, 8 и 9 — даватели на услуги. Избира еден делегат.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-1760/1
9 ноември 1978 година
Скопје

Собрание на Самоуправната интересна заедница на насочено образование во здравството и социјалната заштита
д-р **Стојан Личоски**, с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА СТАРОСНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

400.

Врз основа на член 50 став 2 од Законот за старосно осигурување на земјоделците („Службен весник на СРМ“ број 15/78) и член 36 став 4 од Самоуправната спогодба за здружување на општинските самоуправни интересни заедници за старосно осигурување на земјоделците во Републичка самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците, на седницата одржана на 13 декември 1978 година, донесе

СТАТУТАРНА ОДЛУКА

НА РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СТАРОСНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа статутарна одлука, во согласност со Законот за старосно осигурување на земјоделците (во натамошниот текст: Закон) и Самоуправната спогодба за здружување на општинските самоуправни интересни заедници за старосно осигурување на земјоделците во Републичка самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците (во натамошниот текст: Самоуправна спогодба), до донесувањето на Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците (Статут на Републичката заедница), се уредуваат организацијата и дејноста на Републичката самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците (во натамошниот текст: Републичка заедница), самоуправувањето во Републичката заедница, односите помеѓу општинските самоуправни интересни заедници за старосно осигурување на земјоделците (во натамошниот текст: општински заедници) и Републичката заедница, постапката за остварување на правата од старосното осигурување на земјоделците, како и други прашања кои се од интерес за работењето на Републичката заедница.

Член 2

Во Републичката заедница осигурениците и корисниците на пензија од општинските заедници, врз начелата на заемност, солидарност и минат труд и врз самоуправни основи, обезбедуваат права од старосното осигурување за себе и брачниот другар и за таа цел здружуваат средства и ги утврдуваат заедничките и поединечните обврски спрема Републичката заедница и заедничките и поединечните права кои во неа ги остваруваат.

Член 3

Во Републичката заедница осигурениците и корисниците на пензија ги остваруваат правата утврдени со Законот, оваа статутарна одлука и статутарната одлука на општинската заедница.

Член 4

Средствата за остварување на правата од старосното осигурување ги обезбедуваат земјоделците врз начелата на заемност и солидарност со плаќање на придонес од личниот доход од вршење на земјоделска дејност.

Во обезбедувањето на средствата од став 1 на овој член учествуваат и Републиката и општините, под услови и на начин утврдени со Законот.

Во обезбедувањето на средствата од став 1 на овој член учествува и Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија сразмерно со пензискиот стаж што на земјоделците — осигуреници им е признаен според прописите за пензиското и инвалидското осигурување на работниците.

Член 5

Републичката заедница во вршењето на својата дејност соработува со другите заедници и организации за прашањата од старосното осигурување на земјоделците.

Член 6

Дејноста на Републичката заедница е од посебен општествен интерес.

Член 7

Работата на Републичката заедница и на нејзините органи е јавна.

Член 8

Републичката заедница, во границите на своите овластувања, врши право и должност на одбрана на земјата и општествена самозаштита.

Член 9

Републичката заедница е правно лице со права, обврски и одговорности што ги има врз основа на Уставот, Законот, Самоуправната спогодба и оваа статутарна одлука.

Името на Републичката заедница е: Републичка самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците.

Републичката заедница ја претставува претседателот на Собранието на Републичката заедница а ја застапува секретарот на Републичката заедница.

Подрачјето на Републичката заедница ја опфаќа територијата на Републиката.

Седиштето на Републичката заедница е во Скопје.

Член 10

Републичката заедница има печат и штембил.

Печатот на Републичката заедница има форма на круг на кој е кружно испишано името на Републичката заедница, а во средината хоризонтално седиштето на Републичката заедница.

Штембилот на Републичката заедница има правоаголна форма и на него хоризонтално е испишан истиот текст како на печатот, со дополнување на број и дата.

II. ДЕЈНОСТ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА

Член 11

Републичката заедница ги врши следниве работи:

— се грижи и обезбедува услови за спроведување и развој на старосното осигурување на земјоделците;

— утврдува стапка и фиксен износ на придонесот за старосно осигурување на земјоделците во согласност со Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и, заедно со општинските заедници, се грижи за редовно плаќање на придонесот;

— се грижи за редовно обезбедување на средствата од Републиката, од Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и другите учесници во финансирањето на старосното осигурување на земјоделците за остварување на правото на минимална старосно пензија и семејна пензија до висината на минималната старосна пензија;

— врши исплата на минималните старосни пензии и семејните пензии до висината на минималната старосна пензија на корисниците на пензија од подрачјата на општинските заедници;

— го определува процентот на усогласувањето на минималната старосна пензија и семејната пензија до висината на минималната старосна пензија со порастот на трошоците на животот од претходната година, во согласност со Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија;

— го планира и програмира развојот на старосното осигурување на земјоделците;

— обезбедува евиденција на осигурениците и корисниците на минимална старосна пензија и семејна пензија до висината на минималната старосна пензија;

— го следи, проучува и презема мерки за спроведувањето на старосното осигурување на земјоделците и предлага мерки за унапредување и натамошен развој на старосното осигурување на земјоделците;

— врши и други работи определени со Законот и оваа статутарна одлука.

За вршење на работите од став 1 на овој член, Републичката заедница остварува соработка со собранијата на општествено-политичките заедници, општествено-политичките и општествените организации, организациите на здружен труд, здруженијата и другите облици на организираност на индивидуалните земјоделски производители и другите самоуправни организации и заедници за прашања од значење за старосното осигурување.

III. САМОУПРАВУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА

1. Собрание на Републичката заедница

Член 12

Со работите на Републичката заедница управува Собранието на Републичката заедница.

Член 13

Собранието на Републичката заедница го сочинуваат 57 делегати, кои ги избираат собранијата на општинските заедници од редот на своите делегати и делегациите на другите основачи.

Делегациите на другите основачи ги сочинуваат нивните органи на управување односно највршните органи.

Поголемиот број на делегати го сочинуваат делегати на собранијата на општинските заедници.

Член 14

Изборот на делегатите во Собранието на Републичката заедница се врши во согласност со Законот за избор на делегации и делегати во самоуправните интересни заедници.

Член 15

Во рамките на дејноста на Републичката заедница, Собранието на Републичката заедница ги врши следниве работи:

— утврдува предлог за изменување и дополнување на Самоуправната спогодба за здружување на општинските заедници во Републичката заедница;

— донесува Статут на Републичката заедница;

— донесува Деловник на Собранието на Републичката заедница;

— ја утврдува политиката за развој на старосното осигурување;

— донесува планови, програми, општи и други акти, склучува спогодби и договори за прашањата од делокругот на Републичката заедница;

— донесува среднорочни програми и финансиски планови на Републичката заедница, во согласност со Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија;

— донесува финансиски планови и завршни сметки на Републичката заедница;

— донесува одлуки за висината на фиксниот износ и стапката на придонесот за старосно осигурување на земјоделците, во согласност со Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија;

— одлучува за формирањето и располагањето со средствата на резервата и другите средства на Републичката заедница;

— се грижи за рационално работење со средствата на Републичката заедница;

— го следи остварувањето на правата, наплатата на приходите на Републичката заедница и спроведувањето на старосното осигурување;

— врши и други работи утврдени со Законот, Самоуправната спогодба, оваа статутарна одлука и другите општи акти на Републичката заедница.

Член 16

Делегатот во Собранието на Републичката заедница има право и должност да учествува во работата на Собранието на Републичката заедница и неговите тела, да поднесува предлози на општи и други акти, во собранието на општинската заедница кое го делегирало да ги разгледува прашањата за кои се одлучува во Собранието на Републичката заедница и да го известува за својата работа и за работата на Собранието на Републичката заедница.

При заземањето на ставови за прашањата за кои се одлучува во Собранието на Републичката заедница делегатот во Собранието постапува во согласност со основните ставови на собранието на општинската заедница кое го делегирало и во согласност со општите општествени интереси во областа на старосното осигурување на земјоделците, а е самостоен во определувањето и гласањето во Собранието на Републичката заедница.

Член 17

Мандатот на делегатот во Собранието на Републичката заедница трае 4 години.

Делегатот во Собранието на Републичката заедница е одговорен за својата работа пред собранието на општинската заедница кое го делегирало односно делегацијата која го делегирала и пред Собранието на Републичката заедница.

Делегатот во Собранието на Републичката заедница може да биде отповикан.

Отповикувањето на делегатот во Собранието на Републичката заедница се врши во постапка определена за избор на делегати.

Член 18

Собранието на Републичката заедница има претседател кого го избира од редот на делегатите на Собранието.

Претседателот на Собранието на Републичката заедница ја претставува Републичката заедница, свикува седници на Собранието на Републичката заедница и на нив претседава, ги потпишува актите донесени од Собранието на Републичката заедница, врши и други работи одредени со оваа статутарна одлука и другите општи акти на Републичката заедница.

Член 19

Собранието на Републичката заедница има потпретседател, кого го избира од редот на делегатите на Собранието.

Потпретседателот на Собранието на Републичката заедница му помага на претседателот во работата и го заменува за време на негова отсутност или спреченост.

2. Извршен одбор и други одбори и комисии

Член 20

Извршниот одбор на Собранието на Републичката заедница е колективен извршен орган на Собранието на Републичката заедница.

Извршниот одбор има претседател, потпретседател и 9 членови, кои Собранието на Републичката заедница ги избира од редот на делегатите на Собранието.

Делокругот на Извршниот одбор се одредува со Статутот на Републичката заедница.

Член 21

Собранието на Републичката заедница може да формира одбори, комисии и други работни тела заради разгледување и претресување на предлози или за извршување на општите акти на Републичката заедница.

Делокругот, составот и начинот на работата на одборите, комисиите и другите работни тела на Собранието на Републичката заедница се одредуваат со Статутот на Републичката заедница.

3. Секретар на Републичката заедница

Член 22

Републичката заедница има секретар.

Секретарот на Републичката заедница е индивидуален орган на Републичката заедница.

Секретарот на Републичката заедница го именува и разрешува Собранието на Републичката заедница, во согласност со Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Секретарот на Републичката заедница се именува за време од 4 години.

Член 23

Секретарот на Републичката заедница, во рамките на дејноста на Републичката заедница, ги врши следниве работи:

— се грижи за подготвување нацрти на општите акти и другите материјали за Собранието на Републичката заедница, Извршниот одбор и другите органи и работни тела на Собранието на Републичката заедница;

— се грижи за подготвување на седниците на Собранието на Републичката заедница, Извршниот одбор и другите органи и работни тела на Собранието на Републичката заедница;

— се грижи за извршување на општите акти на Собранието и на Извршниот одбор;

— ја застапува Републичката заедница во имотно-правните и други односи кои произлегуваат од дејноста на Републичката заедница;

— го извршува финансискиот план на Републичката заедница во својство на наредбодавец;

— склучува договори согласно овластувањата од Собранието на Републичката заедница;

— врши и други работи во согласност со Законот и оваа статутарна одлука.

Член 24

Секретарот на Републичката заедница за својата работа е одговорен пред Собранието на Републичката заедница.

4. Комисија за самоуправна контрола

Член 25

Комисијата за самоуправна контрола е орган на Републичката заедница кој врши контрола на: спроведувањето на Статутот и другите општи акти на Собранието и неговите органи и согласноста на тие акти со самоуправните права, должности и интереси на осигурениците и корисниците на пензија; остварувањето на работните и самоуправните должности на органите на Републичката заедница; остварувањето и заштитата на правата на осигурениците и корисниците на пензија од подрачјето на Републиката; одговорното и општествено-економски целисходното користење и располагање со средствата на Републичката заедница и остварувањето на другите самоуправни права, должности и интереси на осигурениците и корисниците на пензија од подрачјето на Републиката.

Комисијата за самоуправна контрола има право и должност за согледаните појави и за своите наоди да ги извести надлежните органи на Републичката заедница, како и да соработува со органите на општествениот надзор и контрола.

Делокругот, овластувањата и одговорностите на Комисијата за самоуправна контрола поблиску се уредуваат со Статутот на Републичката заедница.

Член 26

Комисијата за самоуправна контрола има 7 члена.

Делегатите во Комисијата за самоуправна контрола ги избираат собранијата на општинските заедници на начин на кој се врши избор на делегати во Собранието на Републичката заедница.

Мандатот на делегатите во Комисијата за самоуправна контрола трае 4 години.

Делегат во Собранието не може да биде избран за член на Комисијата за самоуправна контрола.

IV. ОДНОСИ МЕЃУ ОПШТИНСКИТЕ И РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА

Член 27

Републичката заедница својата дејност ја врши во интерес на здружените општински заедници, во согласност со Законот, Самоуправната спогодба и оваа статутарна одлука.

Член 28

За обезбедување на поширока заемност и солидарност помеѓу осигурениците и корисниците на пензија од подрачјето на Републиката, Републичката заедница, од средствата што во неа ги здружуваат општинските заедници и од другите свои средства, е должна на корисниците на пензија од подрачјето на секоја општинска заедница редовно и навремено да им ја исплатува минималната старосна пензија и семејната пензија до висината на минималната старосна пензија.

Член 29

За поефикасно извршување на работите од член 28 на оваа статутарна одлука, општинските заедници се должни средствата што ги здружуваат навреме да ги уплатуваат на жиро-сметката на Републичката заедница, како и навреме да ги доставуваат актите и податоците потребни за исплата на пензиите на корисниците на пензија од нивните подрачја.

Член 30

Републичката заедница може да поведува иницијатива за договарање и самоуправно спогодување помеѓу општинските заедници за одделни прашања од заеднички интерес.

За својата работа Републичката заедница ги информира општинските заедници преку билтен на Републичката заедница.

V. ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ОД СТАРОСНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

Член 31

Права од старосното осигурување на земјоделците може да оствари лице кое има својство на осигуреник според Законот и Статутарната одлука на општинската заедница.

Член 32

Против решенијата донесени во прв степен по барањето за остварување на право од старосното осигурување на земјоделците странката има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на првостепеното решение.

По жалбата изјавена против првостепеното решение од став 1 на овој член решава комисија составена од претседател и 2 члена, која ја именува Собранието на Републичката заедница.

Жалбата не го задржува извршувањето на првостепеното решение.

Член 33

Ако е жалбата недопуштена, неблаговремена или изјавена од неовластено лице, а првостепениот орган пропуштил поради тоа да ја отфрли, ќе ја отфрли органот надлежен за решавање по жалба.

Ако жалбата не ја отфрли, второстепениот орган го зема предметот во решавање.

Второстепениот орган може да ја одбие жалбата, да го поништи решението во целост или делумно, или да го измени.

Член 34

Одредбите на статутарните одлуки на општинските заедници кои се однесуваат на решението соодветно се применуваат и на решенијата кои се донесуваат по жалба.

Во образложението на второстепеното решение мора да се оценат и сите наводи на жалбата. Ако првостепениот орган во образложението на своето решение веќе правилно ги оценил наводите кои се изнесуваат во жалбата, второстепениот орган може да се повика на причините од првостепеното решение.

Член 35

Решението по жалба мора да се донесе и да ѝ се достави на странката што е можно побргу, а најдоцна во рок од два месеца сметано од денот на предавањето на жалбата.

Ако странката се откаже од жалбата, постапката по жалбата се запира со заклучок.

Член 36

На решенијата донесени во прв степен надзор врши органот определен со член 32 став 2 од оваа статутарна одлука.

Член 37

Општинските заедници се должни да доставуваат до службата за исплата на пензиите известување за корисниците на пензија за кои не е платен придонесот за старосно осигурување за време од 6 месеци без оглед на тоа кој е обврзник за плаќање на придонесот, заради запирање исплатата на пензијата.

Известувањето од став 1 на овој член општинските заедници ќе го достават во рок од еден месец по истекот на времето од 6 месеци за кое не е платен придонесот.

Член 38

Ако по донесувањето на конечно решение се сознае за нови факти, или се најдат, односно се добие можност да се употребат нови докази кои сами или во врска со веќе изведените и употребените докази би можеле да доведат до поинакво решение ако тие факти, односно докази биле изнесени или употребени во поранешната постапка, може, по исклучок од условите кои во такви случаи според Законот за општата управна постапка се бараат за покренување обнова на постапката, да се покрене обнова на постапката по однос на правата од старосното осигурување на земјоделците и кога е пропуштено во поранешната постапка да се изнесе некој од тие факти, односно докази.

Обнова на постапката во случаите од став 1 на овој член ќе се покрене без оглед на роковите што се предвидени во Законот за општата управна постапка за барање за обнова на постапката.

Обнова на постапката се покренува по барање на странката.

Ако барањето за обнова на постапката е поднесено во рок од 5 години од денот на врачувањето на решението на странката, во обновената постапка се применуваат прописите што важеле во времето на донесувањето на решението. Ако барањето е поднесено по истекот на тој рок, во обновената постапка се применуваат прописите кои важеле во времето на поднесувањето на барањето за обнова на постапката.

За покренување обнова на постапката по службена должност се применуваат одредбите на Законот за општата управна постапка.

Член 39

Правата утврдени со решението донесено во обновената постапка во смисла на член 38 од оваа статутарна одлука следуваат од првиот ден на наредниот месец од денот на поднесувањето на барањето за обнова на постапката.

VI. СРЕДСТВА И ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА

Член 40

За вршење на својата дејност Републичката заедница обезбедува средства од:

— средствата на општинските заедници што ги здружуваат во Републичката заедница за обезбедување исплата на минималната старосна пензија и семејната пензија до висината на минималната старосна пензија;

— средствата што ги насочува Републиката за финансирање на старосното осигурување на земјоделците;

— средствата од Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за признаениот пензиски стаж на осигурениците и корисниците на пензија според прописите за пензиското и инвалидското осигурување на работниците;

— другите основачи на Републичката заедница;

— и други приходи (камати, вонредни приходи и сл.).

Член 41

Средствата на Републичката заедница од член 40 на оваа статутарна одлука се користат за:

— исплата на минималните старосни пензии и семејните пензии до висината на минималната старосна пензија на корисниците на пензија од подрачјата на општинските заедници;

— обезбедување на средства за резерва;

— покривање на трошоците за функционирањето на Републичката и општинските заедници.

Член 42

Потребните средства од член 40 од оваа статутарна одлука се утврдуваат со среднорочна програма, а средствата потребни за секоја одделна година со финансиски план на Републичката заедница.

Среднорочната програма и финансискиот план ги донесува Собранието на Републичката заедница во согласност со Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Приходите и расходите за секоја година одделно конечно се утврдуваат со завршната сметка на Републичката заедница.

Завршната сметка на Републичката заедница се доставува на Службата на општественото книговодство кај која на соодветна жиро-сметка се водат паричните средства на Републичката заедница.

Член 43

Вкупниот приход на Републичката заедница го сочинуваат средствата остварени од придонесот за старосно осигурување и другите приходи на Републичката заедница утврдени со Законот, Самоуправната спогодба, договорите, оваа статутарна одлука и другите самоуправни општи акти на Републичката заедница.

Член 44

Заедницата има:

1) средства на деловниот фонд и

2) средства на резервата.

Член 45

Средствата на деловниот фонд ги сочинуваат основните и обртните средства на Републичката заедница.

Основните средства на Републичката заедница се водат во книговодствената и друга евиденција на Републичката заедница.

Обртните средства на Републичката заедница се формираат со издвојување од вкупните приходи на Републичката заедница во висина од најмалку 10% од планираните расходи во тековната година.

Член 46

Средствата на резервата се формираат од вишокот на приходите над расходите утврдени со завршната сметка на Републичката заедница, а издвојувањето се врши со завршната сметка. Вкупната висина на средствата на резервата може да се утврди најмногу до висината на средствата потребни за двомесечна исплата на пензиите.

Средствата на резервата служат за покривање вишокот на расходите над приходите утврдени со завршната сметка на Републичката заедница, како и за обртни средства за обезбедување ликвидно работење на Републичката заедница.

Член 47

Поблиски одредби за финансиското работење на Републичката заедница се утврдуваат со посебен самоуправен општ акт на Републичката заедница.

VII. ВРШЕЊЕ НА СТРУЧНИТЕ И АДМИНИСТРАТИВНИТЕ РАБОТИ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА

Член 48

Стручните и административните работи на Републичката заедница ги врши стручна служба на Републичката заедница.

Член 49

Работи што ги врши Стручната служба од член 48 на оваа статутарна одлука особено се:

— обезбедување на евиденција за осигурениците и корисниците на минимална старосна пензија и семејна пензија до висината на минималната старосна пензија;

— исплата на минималните старосни пензии и семејните пензии до висината на минималната старосна пензија на корисниците на пензија од подрачјата на општинските заедници;

— примање жалби на осигурениците и корисниците на пензија од подрачјата на општинските заедници изјавени против првостепените решенија за нивните права од старосното осигурување, како и подготвување нацрт-решенија по истите;

— подготвување на материјали за работа на Собранието, Извршниот одбор и другите тела на Републичката заедница;

— водење на книговодство;

— и други работи што ќе ѝ бидат доверени од Собранието на Републичката заедница, во согласност со Законот и оваа статутарна одлука.

Член 50

Вршењето на работите од член 49 на оваа статутарна одлука или дел од нив Собранието на Републичката заедница спогодбено може да го довери на Стручната служба на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија или на заедничка стручна служба, доколку склучи самоуправна спогодба за основање на таква стручна служба со сродните самоуправни интересни заедници.

VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 51

Собранието на Републичката заедница ќе донесе Статут на Републичката заедница и други општи акти потребни за работа на Републичката заедница најдоцна до 31 мај 1979 година.

Член 52

Оваа статутарна одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 декември 1978 година.

Бр. 15/1
13 декември 1978 година
Скопје

Претседател,
Лазо Добрушевски, с. р.

401.

Врз основа на член 35 од Законот за старосно осигурување на земјоделците („Службен весник на СРМ“ бр. 15/78), член 13 од Самоуправната спогодба за здружување на општинските самоуправни интересни заедници за старосно осигурување на земјоделците во Републичка самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците и член 15 од Статутарната одлука на Републичката самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците, на седницата одржана на 13 декември 1978 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФИКСНИОТ ИЗНОС И СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА СТАРОСНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1979 ГОДИНА

I

Земјоделците — обврзници за плаќање данок од личен доход од вршење земјоделска дејност, земјоделците — глави на семејствата кои со други семејства живеат во едно земјоделско домаќинство, а се обврзници за плаќање данок од личен доход од вршење земјоделска дејност и земјоделците чии брачни другари се вработени во здружениот труд со општествени средства или вршат самостојна дејност, за 1979 година ќе плаќаат придонес за старосно осигурување, и тоа:

— 3,4% од катастарскиот приход на осигуреникот, и

— 135 динари по семејство.

II

Земјоделците — глави на семејствата кои со други семејства живеат во едно земјоделско домаќинство, а не се обврзници за плаќање данок од личен доход од вршење земјоделска дејност придонесот ќе го плаќаат во фиксен износ од 135 динари.

III

Земјоделците кои вршат земјоделска дејност со земјиште земено под закуп и лицата кои исклучиво се занимаваат со сточарство или риболов, а не се обврзници за плаќање данок од личен доход од вршење земјоделска дејност, придонесот за старосно осигурување ќе го плаќаат во фиксен износ кој се утврдува во висина на просечната обврска на осигурениците кои плаќаат придонес во фиксен износ и во процент од катастарскиот приход од подрачјето на општината со кој се обезбедуваат средства за минималната старосна пензија и семејната пензија до висината на минималната старосна пензија.

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1979 година.

Бр. 16/1
13 декември 1978 година
Скопје

Претседател,
Лазо Добрушевски, с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

402.

Врз основа на член 83 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 9/78) и член 16, став 1, алинеја 5 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Скопје, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Скопје, на седницата одржана на 21 декември 1978 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — СКОПЈЕ

I

Со оваа одлука се утврдува висината на стапките на придонесите што ги уплатуваат основните организации на здружениот труд од доходот и работните луѓе од личен доход од работен однос, заради обезбедување средства на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Скопје.

II

Стапките на придонесите за Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Скопје, се утврдуваат во висина од:

— 0,18% од доходот на основните организации на здружениот труд и другите корисници на општествени средства распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и нестопанските дејности („Службен лист на СФРЈ“ бр. 14/77), во областа на дејностите од 01 до 11;

— 0,05% од личниот доход од работен однос на работниците што остваруваат личен доход од работен однос, освен за работниците вработени кај обврзниците од претходната алинеја на овој став.

III

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1979 година.

Бр. 08-613/1
21 декември 1978 година
Скопје

Претседател,
Исмаилаки Емурлаи, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — СКОПЈЕ

403.

Врз основа на член 303 став 2 од Статутот на Заедницата на здравството и здравственото осигурување на град Скопје, Собранието на Заедницата на здравството и здравственото осигурување на град Скопје, на заедничка седница на сите собори на делегатите, одржана на 20.XII.1978 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ГРАД СКОПЈЕ

Член 1

Членот 253 од Статутот на Заедницата на здравството и здравственото осигурување на град Скопје, се менува и гласи:

„Одборот за самоуправна контрола се состои од 9 члена кои се избираат од составот на делегатите на собранијата на основните заедници на здравството и здравственото осигурување на општините во Скопје, и тоа:

— од Собранието на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување на општина Гази Баба 2 делегати и тоа:

— 1 од Соборот на корисниците на услуги-работници и

— 2 од Соборот на корисниците на услуги-земјоделци.

— Од Собранието на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување на општина Карпош 2 делегати и тоа:

— 1 од Соборот на корисниците на услуги-работници, и

— 1 од Соборот на давателите на услуги.

— Од Собранието на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување на општина Кисела Вода 2 делегати и тоа:

— 1 од Соборот на корисниците на услуги-работници и

— 1 од Соборот на давателите на услуги.

— Од Собранието на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување на општина Центар 2 делегати и тоа:

— 1 од Соборот на корисниците на услуги-работници и

— 1 од Соборот на давателите на услуги.

— Од Собранието на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување на општина Чаир 1 делегат и тоа од Соборот на корисниците на услуги-работници.“

Член 2

Членовите 254 и 255 од Статутот на Заедницата на здравството и здравственото осигурување на град Скопје се бришат.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

02-бр. 16460/6
20 декември 1978 година
Скопје

Претседател,
д-р Миле Хаџи-Василев, с. р.

Огласен дел

МАЛИ ОГЛАСИ

Се огласуваат за неважни следните загубени документи:

Свидетелство за VIII одделение на име Верка Карпузова, ул. „Б. Кидрич“ бр. 16, Радовиш. (1973)

Свидетелство за II година на име Славе Илиевски, ул. „Егејска“ бр. 100, Прилеп. (1974)

Ученичка книшка за VI одделение на име Зоран Спасовски, с. МладоНагоричане, Куманово. (1975)

Ученичка книшка, издадено од Економското училиште „Моша Пијаде“, Куманово на име Рамадани Меметали, с. Лојане, Куманово. (1976)

Ученичка книшка, издадена од Економското училиште „Моша Пијаде“, Куманово на име Фазлиу Мукадозе, ул. „Братство Единство“ бр. 16, Куманово. (1977)

Свидетелство за IV одделение на име Родна Стојанова, Титов Велес. (1978)

Свидетелство за IV одделение, издадено од Основното училиште „Братство“ на име Салаи Селман, с. Челопек, Тетово. (1979)

Лична карта, издадено од СВР Тетово на име Шабани Ријан, с. Челопек, Тетово. (1980)

Свидетелство за V одделение, издадено од Училиштето „Братство“ на име Бецети Мухамет, с. Челопек, Тетово. (1981)

Свидетелство за V одделение, издадено од Основното училиште „Братство“ с. Челопек, Тетово, на име Дили Џемали, с. Челопек, Тетово. (1982)

Свидетелство за VII одделение, издадено од Основното училиште „Братство“, с. Челопек на име Иљази Рехније, с. Челопек, Тетово. (1983)

Свидетелство за VI одделение, издадено од Основното училеште „Братство“, с. Челопек на име Семир Деари, с. Челопек, Тетово. (1984)

Свидетелство за V одделение, издадено од Основното училиште „Братство“, с. Челопек на име Рамани Шабан, с. Челопек, Тетово. (1985)

Свидетелство за II клас на име Алириза Рушити, ул. „136“, бр. 1, Тетово. (1986)

Свидетелство за IV клас на име Нејази Ибраими, с. Желино, Тетово. (1987)

Свидетелство за VI одделение на име Фаузи Алили, с. Стримница, Тетово. (1988)

Свидетелство за VIII одделение на име Регаип Пајазити, с. Стримница, Тетово. (1989)

Свидетелство за V одделение на име Петре Д. Ѓорѓиевски, с. Теарце, Тетово. (1990)

Свидетелство за V клас на име Нико Јанчевски, с. Србиново, Тетово. (1991)

Свидетелство за VII клас на име Муртезани Алили, с. Желино, Тетово. (1992)

Свидетелство за IV одделение на име Имрија Идризи, с. Желино, Тетово. (1993)

Свидетелство за VII клас на име Изаир Елизи, с. Стримница, Тетово. (1994)

Свидетелство за V и VI одделение на име Емине Зејнулахи, с. Пршевци, Тетово. (1995)

Здравствена легитимација на име Усеин Камбери, с. Стримница, Тетово. (1996)

Свидетелство за V клас на име Мустафа Сали, с. Мерово, Тетово. (1997)

Свидетелство од V до VIII разред на име Одаји Нецади, ул. „Полог“ бр. 31, Тетово. (1998)

Свидетелство на име Гулнаипе Даути, с. Пирок, Тетово. (1999)

Ученичка книшка за VI одделение на име Алириза Абази, с. Челопек, Тетово. (2000)

Здравствена легитимација на име Нухија Абибе, с. Јажинце, Тетово. (2001)

Свидетелство за V и VI одделение на име Сабедин Бајрами, с. Порој, Тетово. (2002)

Свидетелство за Vодделение на име Тоце Вејсели, с. Порој, Тетово. (2003)

Воена книшка на име Никола Ѓорѓиев, ул. „Борка Талев“ бр. 40, Штип. (2004)

Работна книшка на име Рада Јанкуловска, с. Новаци. Битола. (2005)

Работна книшка на име Радослав Блажевски, ул. „П. Гули“ бр. 40/25, Битола. (2006)

Индекс, издаден од ВТТШ — Лесковац на име Иван Бурнески, ул. „К. Јосифовски“ бр. 167, Прилеп. (2007)

Свидетелство за VI одделение на име Сузана Бошкоска, ул. „Д. Наумоски“ бр. 14, Прилеп. (2008)

Пасош на име Киро Алексовски, ул. „К. Чочкоски“ бр. 25, Прилеп. (2009)

Свидетелство за IV одделение на име Драгица Петреска, с. Небрегово, Прилеп. (2010)

Свидетелство за VIII одделение на име Роза Ѓорѓиоска, ул. „Б. Талески“ бр. 149, Прилеп. (2011)

Свидетелство на име Вангел Томевски, ул. „М. Пијаде“ бр. 277-а, Прилеп. (2012)

Свидетелство на име Нада Наумоска, с. Кутлешево, Прилеп. (2013)

Свидетелство за IV одделение на име Петкана Трајкоска, ул. „Скопска“ бр. 19, Прилеп. (2014)

Свидетелство за VIII одделение на име Сашо Дупјачанец, ул. „Борко Милеч“ бр. 38 — Варош, Прилеп. (2015)

Свидетелство на име Лозанка Младеновска, с. Малотино, Куманово. (2016)

Свидетелство за III година на име Миливој Стојмановски, ул. „III македонска ударна бригада“ бр. 71/11 II влез, Куманово. (2017)

Свидетелство за VIII одделение издадено од Централното основно училиште „Јоаким Крчовски“ — Крива Паланка на име Јаготка Атанасовска, с. Градец, Крива Паланка. (2018)

Свидетелство за VI одделение на име Нецип Талевски, с. Мелница, Титов Велес. (2019)

Свидетелство на име Абдуламет Сулејмани, с. Пирок, Тетово. (2020)

Свидетелство за завршено VIII одделение, издадено од Основното училиште „Моша Пијаде“ на име Адеми Изет, с. Чајле, Гостивар. (2021)

Свидетелство за VIII одделение на име Рецаир Јакупи, ул. „18 Ноември“ бр. 156, Гостивар. (2022)

Свидетелство за VIII одделение на име Десана Галабовска, с. Владимирово, Берово. (2023)

Свидетелство за завршено VIII одделение, издадено од Централното основно училиште „Јоаким Крчовски“ — Крива Паланка на име Стојчевска Китан Ленче, с. Дрење, Крива Паланка. (2024)

Уверение на име Драги К. Тодоровски, с. Ранковце, Крива Паланка. (2025)

Свидетелство од V до VII клас на име Севиме Сеадини, с. Желино, Тетово. (2026)

Оружен лист на име Џевит Рукипи, с. Боговиње, Тетово. (2027)

Лична карта на име Џевит Рукипи, с. Боговиње, Тетово. (2027-а)

Свидетелство за V и VI клас на име Фадил Рецепи, с. Желино, Тетово. (2028)

Свидетелство од V до VII одделение на име Фатмир Садики, с. Желино, Тетово. (2029)

Свидетелство на име Селам Демири, с. Челопек, Тетово. (2030)

Свидетелство за II одделение на име Абдулбари Алија, с. Врапчиште, Гостивар. (2031)

Свидетелство за VIII одделение на име Керамедин Алија, с. Врапчиште, Гостивар. (2032)

Свидетелство за III година на име Љубе Петрески ул. „Марксова“ бр. 38, Прилеп. (2033)

Индекс број 17868 на име Милан Нанески, ул. „Тризла“ бр. 122, Прилеп. (2034)

Работна книшка на име Сабид Елези, с. Опае, Куманово. (2035)

Работна книшка на име Страшко Петровски, ул. „Трст“ бр. 68, Куманово. (2036)

Свидетелство за II година на име Дано Шероски, с. М. Коњари, Прилеп. (2037)

Здравствена легитимација на име Раде Ацески, ул. „Пелагонија“ бр. 1, Прилеп. (2308)

Партиска книшка на име Раде Ацески, ул. „Пелагонија“ бр. 1, Прилеп. (230-а)

Лична карта бр. 75058 на име Раде Ацески, ул. „Пелагонија“ бр. 1, Прилеп. (2308-б)

Свидетелство за IV одделение на име Лена Сенесијовска, с. Текија, Скопје. (2039)

Работна книшка на име Александар Димовски, ул. „11 Октомври“ бр. 2/12, Титов Велес. (2040)

Лична карта, издадено од СВР Тетово на име Акики Јакуп, с. Челопек, Тетово. (2042)

Свидетелство за VII одделение, издадено од О. У. „Братство“, с. Челопек на име Месут Куртиши, с. Челопек, Тетово. (2043)

Ученичка книшка за VIII разред на име Берзати Абдула, с. Боговиње, Тетово. (2044)

Ученичка книшка за VI одделение на име Ибраим Енвер, с. Синичане, Тетово. (2045)

Свидетелство — диплома на име Адемали Зенделi, с. Пршовце, Тетово. (2046)

Свидетелство за IV одделение на име Муарем Арифи, с. Шипковица- Тетово. (2047)

Свидетелство за V одделение на име Селвер Арифи, ул. „Орце Николов“ бр. 26 Тетово. (2048)

Свидетелство за V одделение на име Рахим Кохришани, ул. „Бл. Тоска“ бр. 86, Тетово. (2049)

Свидетелство за IV одделение на име Хамди Фејзули, с. Цепчиште, Тетово. (2050)

Свидетелство за V одделение на име Зоран Димовски, Тетово. (2051)

Воена книшка на име Назми Демири, с. Одри, Тетово. (2052)

СОДРЖИНА

Страна

564. Уредба за начинот на уписот во судскиот регистар на задругите, самоуправните интересни заедници и другите субјекти определени со закон — — — — 1113

Општествени договори и самоуправни спогодби

377. Општествен договор за изедначување на неопходното ниво на обезбедување и задоволување на основните права од социјална заштита во 1978 година — — — 1143

Општи акти на самоуправните интересни заедници

Скопје

378. Решение за распишување избори за избор на членови во Одборот за самоуправна работничка контрола на Заедницата на насоченото образование — — — — 1144
379. Одлука за определување на делегатските единици за избор на членови во Одборот за самоуправна работничка контрола на Заедницата — — — — — 1145
380. Решение за распишување избори за избор на членови во Одборот на самоуправната контрола на Републичката самоуправна интересна заедница за основно образование — — — — — — — 1145
381. Одлука за утврдување на делегатските единици за избор на членови на Одборот на самоуправна контрола на Републичката самоуправна интересна заедница за основно образование — — — — — 1145
382. Решение за распишување избори за избор на членови во Одборот за самоуправна работничка контрола на Општата заедница на насоченото образование — 1146
383. Одлука за определување на делегатски единици за избор на членови во Одборот за самоуправна работничка контрола на Заедницата — — — — — — — — 1146
384 Решение за распишување избори за избор на членови во Одборот за самоуправна работничка контрола на Заедницата на насоченото образование — — — — 1147
385. Одлука за определување на делегатски единици за избор на членови во Одборот за самоуправна работничка контрола на Заедницата — — — — — — — — 1147
386. Решение за распишување избори за избор на членови во Одборот за самоуправна работничка контрола на Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во електроенергија, електроиндустрија, метална и графичка индустрија — — — — — — — — 1147
387. Одлука за определување на делегатските единици за избор на членови во Одборот за самоуправна работничка контрола на Заедницата — — — — — 1148
388. Решение за распишување избори за избор на членови во Одборот за самоуправна работничка контрола на Заедницата на насоченото образование — — — 1148
389. Одлука за определување на делегатски единици за избор на членови во Одборот за самоуправна работничка контрола на Заедницата — — — — — — — — 1148
390. Решение за распишување избори за избор на членови во Одборот за самоуправна работничка контрола на Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во градежништвото и градежната индустрија — — — — — — — 1149
391. Одлука за определување на делегатските единици за избор на членови во Одборот за самоуправна работничка контрола на Заедницата — — — — — 1149
392. Решение за распишување избори за избор на членови во Одборот за самоуправна работничка контрола на Заедницата на насоченото образование — — — 1149
393. Одлука за определување на делегатски единици за избор на членови во Одборот за самоуправна работничка контрола на Заедницата — — — — — — — — 1150
394. Решение за распишување избори за избор на членови во Одборот за самоуправна работничка контрола на Заедницата на насоченото образование во сообраќај и врски — — — — — — — — — 1150
395. Одлука за определување на делегатските единици за избор на членови во Одборот за самоуправна работничка контрола на Заедницата — — — — — 1150
396. Решение за распишување избори за избор на членови во Одборот за самоуправна работничка контрола на Заедницата на насоченото образование — — — — 1151
397. Одлука за определување на делегатските единици за избор на членови во Одборот за самоуправна работничка контрола на Заедницата — — — — — — 1151
398. Решение за распишување избори за избор на членови во Одборот за самоуправна работничка контрола на Заедницата на насоченото образование во здравството и социјалната заштита — — — — 1152
399. Одлука за определување на делегатски единици за избор на членови во Одборот за самоуправна работничка контрола на Заедницата — — — — — — — — 1152
400. Статутарна одлука на Републичката самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците — — 1152
401. Одлука за утврдување на фиксниот износ и стапката на придонесот за старосно осигурување на земјоделците за 1979 година — — — — — — — — 1157
402. Одлука за утврдување висината на стапките на придонесите за Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Скопје — — — — 1158
403. Одлука за измена и дополнување на Статутот на Заедницата на здравството и здравственото осигурување на град Скопје 1158

Издавач: Работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 228-204. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје.